ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Ул. Светозар Марковиќ бр.1, 2320, Делчево
Телефон / Факс: +389 (0) 33 411 550
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.delcevo.gov.mk

Вид - Име на услугата	Издавање на лиценца и изводи од лиценца за вршење на авто-такси превоз на патници
Потребни документи	1.Барање до Општина Делчево, Одделение за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќај -готов образец во ОЦУ –кој граѓанинот/клиент го пополнува 2.Доказ за упис во Централниот регистар на Република Македонија и да има регистрирано приоритетна дејност/главна приходна шифра вршење на превоз на патници и стока во патниот сообраќај (тековна состојба не постара од 60 дена); 3.Доказ дека превозникот е сопственик на едно или повеќе регистрирани патнички возила за превоз или да има договор за лизинг за патнички возила што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз (копија од сообраќајната дозвола и потврдата за исполнување на техничко-експлоатациони услови); 4.Доказ дека има вработено во редовен работен однос авто-такси возачи во зависност од бројот на моторните возила што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата (список на вработени по обврзници не постар од 60 дена, копија од образец М1/М2 за секој возач и копија од сертификат за авто такси возач); 5.Доказ за вграден баждарен фискален апарат – таксиметар во возилото; 6.Доказ дека управителот или овластеното лице има сертификат за професионална компетентност (за ТП не се приложува); 7.Потврда дека не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството и од областа или безбедноста во сообраќај со затворска казна подолга од една година, за правното лице и управителот во правното лице, не постара од 60 дена (од Основен суд). 8.Потврда од надлежен суд дека не е изречена прекршочна мерка на безбедност – забрана за вршење на професија, дејност или должност со затворска казна подолга од една година, за правното лице и управителот во правното лице, не постара од 60 дена. 9.Изјава за користење на личните податоци во текот на постапката (дадена во прилог на барањето).
Административна такса	Кон барањето се приложува уплатница во износ од – **3.000,00 денари** Цел на дознака – **Ад. такса за лиценца за авто-такси превоз,** Назив на примачот – **Трезорска сметка,** Банка на примачот – **НБ на РМ,** Сметка – **100000000063095,** Уплатна сметка – **840 120 03182,** Приходна шифра и програма – **722315 – 00,** **2**.Износ – **6.250,00 ден. за едно возило за 5 години; Тарифа за обележување, опремување, одржување на авто такси станици** – См.**100000000063095**, Уплатна сметка **840 120 03390**, Приходна шифра и програма **(722316 – 00).**
Прием на барањето	Општински центар за услуги (ОЦУ)
Место на реализација	Одделение за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќај

Рок на реализација	Во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето
Начин на доставување на услугата / документот	На начин кој барателот го има наведено во барањето и тоа: • лично подигање од ОЦУ од страна на подносителот – барателот на услугата • по ПТТ пошта
Рок на жалба	8 дена од денот на приемот на решението
Законски основ	Закон за превоз во патниот сообраќај, член 8 (Службен весник на Р. Македонија бр. 68/04 ..... бр. 163/18)
Забелешка	Образецот/ барањето може да се симне и од web страната на Општината